

# БРОШУРА
## ЗА РОДИТЕЛИ И УЧЕНИЦИ








**ОУ „Св. Климент Охридски "-Битола**







# 1 ИНФОРМАЦИИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

## Општи податоци за училиштето

| | |
|---|---|
| Име на училиштето | св. Климент Охридски |
| Адреса, општина, место | Димче Лахчански 6б, Битола, Битола |
| Телефон | 047/255737 |
| Факс | 047/252733 |
| Е-меил | ouklimentbt@yahoo.com |
| Основано од | СИЗ за образование и наука |
| Верификација-број на акт | 13-162/90 |
| Година на верификација | 1990 г. |
| Јазик на кој се изведува наставата | македонски јазик |
| Година на изградба | 1989 година |
| Тип на градба | тврда градба |
| Површина на објектот | 5109 m2 |
| Површина на училишниот двор | 15840 m2 (заедно со спортските терени) |
| Површина на спортски терени и игралишта | 1487 m2 |
| Училиштето работи во смена | да |
| Начин на загревање на училиштето | парно греење со нафта |
| Број на одделенија | 9 одделенски совети |
| Број на паралелки | 46 |
| Број на смени | 2, со меѓусмена во I одделение |

## Наставен јазик

| НАСТАВЕН ЈАЗИК | МАКЕДОНСКИ | АЛБАНСКИ | ТУРСКИ | СРПСКИ |
|---|---|---|---|---|
| БРОЈ НА ПАРАЛЕЛКИ | 45 | / | / | / |
| БРОЈ НА УЧЕНИЦИ | 1002 | / | / | / |
| БРОЈ НА НАСТАНВИЦИ | 67 | / | / | / |

# 2 МИСИЈА, ВИЗИЈА, ПРИОРИТЕТИ

## МИСИЈА

Во нашето училиште се образуваат и воспитуваат среќни и успешни ученици, кои со поттикот на наставниците и поддршката на родителите имаат можност да станат личности со вистинска вредност

## ВИЗИЈАТА

Со квалитетна соработка помеѓу наставниците, родителите и локалната заедница, на сите деца во нашето училиште да им се овозможи развој во средина каде ќе се чувствуваат прифатено, сакано, сигурно и задоволно, средина која ќе делува мотивирачки во развојот на сите нивни потенцијали, каде ќе се води грижа за сите нивни поединечни специфики и каде учениците ќе се оспособуваат за самостоен и одговорен живот.



## ПРИНЦИПИ:

1. Стекнување на применливи знаења.
2. Примена на современа образовна технологија.
3. Следење на трендовите и модернизацијата на образованието преку стручно и професионални.



# 3 НАСТАВА

## ВИДОВИ НА НАСТАВА

**ВИДОВИ НА НАСТАВА**

- Настава по задолжителни наставни предмети
- Настава по изборни наставни предмети
  - Дополнителна и додатна настава
  - Интеграција на еколошката едукација
  - Образование за животни вештини
  - Работа со деца со посебни образовни потреби
  - Работа со талентирани и надарени ученици
  - Мултиетничка интеграција во образованието

Во училиштето се реализираат следните видови на настава: задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава. Секој вид настава се реализира според претходно изработена програма од страна на наставниците, а во согласнот со наставните планови и програми изработени од страна на МОН и БРО.
Исто така во училиштето се изработуваат и реализираат индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици,индивидуализирани програми за ученици со посебни образовани потреби, употреба на ИКТ во наставата.
Поврзувањето на еколошката програма со редовната настава е приложена како анекс на годишната програма на училиштето.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Наставата се реализира преку наставни часови. Секој наставен час трае 40 минути. Редоследот на наставните часови по предмети и паралелки се утврдува со распоред на часови (посебно за предметна настава, посебно за одделенска настава). Примерок од распоредот на наставните часови се истакнува на огласната табла во училиштето.
Наставата е организирана во две смени предпладне и попладне. Почетокот на првата смена е во 7 часот и 30 минути, а втората смена започнува од 13 часот и 30 минути.

| ПРВА СМЕНА | |
|---|---|
| 1 час | $7^{30}$ - $8^{10}$ |
| 2 час | $8^{15}$ - $8^{55}$ |
| 3 час | $9^{20}$ - $10^{00}$ |
| 4 час | $10^{05}$- $10^{45}$ |
| 5 час | $10^{50}$- $11^{30}$ |
| 6 час | $11^{35}$- $12^{15}$ |
| 7 час | $12^{20}$- $13^{00}$ |

| ВТОРА СМЕНА | |
|---|---|
| 1 час | $13^{30}$ - $14^{10}$ |
| 2 час | $14^{15}$ - $14^{55}$ |
| 3 час | $15^{20}$ - $16^{00}$ |
| 4 час | $16^{05}$- $16^{45}$ |
| 5 час | $16^{50}$- $17^{30}$ |
| 6 час | $17^{35}$- $18^{15}$ |
| 7 час | $18^{20}$- $19^{00}$ |

Според препораките од Министерството за образование, а и според календарот за реализација на воспитно-образовната работа во училиштето ОТВОРЕНИОТ ДЕН ЗА РОДИТЕЛИТЕ е секој последен понеделник во месецот од 18 до 19 часот, а дека на таа родителска средба ќе имате прилика да се сретнете со сите наставници од петто до осмо одделение.






# 4 УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ

| МЕСЕЦ | ПРЕДМЕТ | НАТПРЕВАР |
|---|---|---|
| СЕПТЕМВРИ | | |
| ОКТОМВРИ | ФЗО | Есенски крос |
| НОЕМВРИ | ФЗО | Општински и државен натпревар по Шах<br>Општински и државен натпревар по Пинг понг<br>Општински и државен натпревар по Стрелаштво<br>Општински и државен натпревар по Футсал<br>Ноќна трка по повод 4. Ноември |
| ДЕКЕМВРИ | ФЗО | Општински натпревари по одбојка- машки и женски<br>Регионален натпревар -футсал |
| ЈАНУАРИ | | |
| ФЕВРУАРИ | Математика<br>ФЗО | Училиштен натпревар<br>Општински и државен напревар- скијање<br>Општински натпревари- кошарка- машки и женски |
| МАРТ | Математика<br>Биологија<br>ФЗО | Општински натпревар по математика- СММ<br>Меѓународен натпревар по математика Кенгур-СММ<br>Општински натпревар по биологија<br>Општински натпревар – ракомет<br>Регионален натпревар по шах |
| АПРИЛ | Математика<br>Хемија<br>ФЗО<br>Физика<br>Македонски јазик<br>Англиски јазик | Регионален натпревар по математика- СММ<br>Регионален натпревар- Народна техника<br>Регионален натпревар- ракомет-машки и женски<br>Општински и регионални натпревари-фудбал- машки и женски<br>Турнир "Јахја Кемал"-одбојка-женски и кошарка-машки<br>Регионален напревар по физика- Друштво на физичари<br>Регионален напревар по физика- Народна техника<br>Регионален натпревар- Сојуз на друштва за македонски јаик и литература<br>ELTAM- Општински натпревар во организација на друштвото на наставници по англиски јазик<br>ELTAM- Регионален натпревар во организација на друштвото на наставници по англиски јазик |
| МАЈ | Техничко образование<br>ФЗО<br>Македонски јазик<br>Хемија<br>Математика<br>Физика<br>Англиски јазик | Народна техника-Општински сојуз на здруженија за техничка култура<br>Народна техника на Македонија- Сојуз на клубови на млади техничари и природници на Македонија<br>Државни спортски игри- одбојка, ракомет, кошарка, футсал, фудбал и атлетика<br>Државен натпревар- Народна техника<br>Државен натпревар по математика- СММ<br>Мала Математичка олимпијада- СММ<br>Државен натпревар по физика- Друштво на физичари<br>Државен натпревар по физика- Народна техника<br>ELTAM- Државен натпревар во организација на друштвото на наставници по англиски јазик |
| ЈУНИ | Математика | Математичка балканијада |





# 5 УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ

| ПЛАНИРАНА ПРОГРАМСКА АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ И ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Еднодневен есенски излет од научно - рекреативен карактер (Голема ливада/ Новаци или Смолево) | Септември Октомври | Наставници и ученици од I - VIII одделение | Разговор, набљуденија | Развивање интерес за спорт, рекреација, дружење, развивање интерес за природата и еколошки навики, запознавање и негување на културните и природните богатства |
| Еднодневна екскурзија III одделение (Дебар, Струга, Охрид) | Април Мај | Наставници и ученици од III одделение | Разговор, набљуденија | Проширување на стекнатите знаења, развивање културни и патриотски чувства, почит кон природата и еколошки навики |
| Настава во природа V одделение, 5 дена (Преспанско/ Охридско езеро) | Април Мај | Наставници и ученици од V одделение | Разговор, набљуденија | Проширување на стекнатите знаења, развивање културни и патриотски чувства, почит кон природата и еколошки навики |
| Летна школа 7 дена | Јуни Август | Наставници и ученици од VI-IX одделение | Разговор, набљуденија | Разговор, набљуденија Проширување на знаењата, негување на културните и природните богатства, дружење, забава, осамостојување и грижа за себе |
| Дводневна екскурзија VI одделение (Охрид, Струга, Дебар, Маврово, Скопје, Кавадарци) | Мај | Наставници и ученици од VI одделение | Разговор, набљуденија | Рекреирање, дружење, забава, развивање правилен однос кон природата и здравиот начин на живот |
| Тродневна екскурзија (Охрид, Струга, Дебар, Маврово, Скопје, Струмица, Дојран, Кавадарци) | Октомври | Наставници и ученици од IX одделение | Разговор, набљуденија | Рекреирање, дружење, забава, развивање правилен однос кон природата и здравиот начин на живот |







# КОДЕКС
## ЗА ОДНЕСУВАЊЕТО НА РОДИТЕЛИОТ ВО УЧИЛИШТЕТО

-Редовно се информира за напредокот поведението на ученикот и при тоа користи: родителски средби, средби со предметни наставници, отворен ден за средба со наставници (последен понеделник секој месец и сл.)

-На влезот на училиштето се легитимира

-Доаѓа во училиштето во договорен термин за средба со класен раководител, предметен наставник, директор или педагошко-псохолошката служба

-Искрено, совесно и одговорно го информира наставникот за секоја настаната ситуација во врска со ученикот

-Не влегува во училница за време на час

-Соработува со наставниците

-Со свои ставови и знаења помага во креирањето на политиката на училиштето.

# КОДЕКС
## ЗА ОДНЕСУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

### 1. ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИКОТ ВО УЧИЛНИЦАТА

-Влегува навреме по звукот на звончето

-Носи пристојна облека препознатлива за училиштето(училишна униформа) по што не се издвојува од другите ученици

-Не вклучува и користи мобилен телефон

-Не внесува храна во училницата

-Не влегува и не го напушта часот без дозвола на наставникот

-Коректно и одговорно се однесува кон личноста на наставникот и своите соученици

-Се грижи за личната и хигиената во училницата и одговорно се однесува кон целокупниот инвентар во училницата и зидовите

-За време на писмени работи, тестови се однесува коректно и чесно

-Носи потребен прибор и материјали за потполна подготвеност на часот.

### 2. ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИКОТ НА ЧАСОТ

-Влегува навреме по звукот на звончето

-Носи пристојна облека препознатлива за училиштето (училишна униформа) по што не се издвојува од другите соученици

-Со своето совесно и коректно однесување придонесува за дисциплината на часот

-Има слобода во изразувањето без притоа да ја повреди личноста на наставникот и на своите соученици

-Не вклучува и користи мобилен телефон или уреди со слична технологија

-Не внесува храна

-Не влегува и не го напушта часот без дозвола на наставникот

-Коректно и одговорно се однесува кон личноста на наставникот и своите соученици

**3. ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШНИОТ ДВОР И УЧИЛИШНАТА ЗГРАДА НА УЧЕНИКОТ:**

-Совесно и одговорно се однесува кон училишниот имот и материјалните добра во и надвор од него (не уништува, не крши, не испишува графити или натписи со слични содржини)

-Достоинствено и пристојно се однесува кон другите ученици и персоналот на училиштето

-Внимава и се грижи за личната хигиена на училиштето, фрла отпадоци на местото определено за тоа

-Се движи по дефинирани патеки и седи на места предвидени за тоа

-Се грижи за зеленилото во дворот

-Не пуши цигари и други наркотични  и токсични супстанци

-Креира пријатна училишна атмосвера со својот говор, држење и однесување

-Не поседува предмети и супстанци кои можат да ја загрозат личната и безбедноста на други лица

-Навреме доаѓа в училиште

-Носи пристојна облека препознатлива за училиштето (училишна униформа) по што не се издвојува од другите соученици

-Коректно и непристрасно пријавува инциденти или насилства до лица од училишниот персонал

-Не применува психичко, физичко и вербално насилство врз други лица

-Ја почитува приватната сопственост и сопственоста на другите (не краде и не поседува туѓи предмети

-Несебично помага на лица со инвалидитет или посебни потреби

**4. ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИКОТ ВО УЧИЛНИЦА СО КОМПЈУТЕРИ**

-Седи на место предвидено за него ( реден број или др.редослед)

-Користи компјутер само со дозвола на наставникот и по завршеток на работата го исклучува

-Совесно и одговорно се однесува кон компјутерите, опремата и при  работа на неговиот компјутер

-Се грижи за исправноста на опремата и сите проблеми ги пријавува кај наставникот

-Користи интернет само за потребите на наставата и со дозвола на наставникот

-Не снима, игра или врши други активности кои ја попречуваат работата на часот

-Лично е одговорен за сите податоци кои ги остава на прелистуваните ВЕБ страни

-Не превзема самоиницијативно поправка на дефекти на опремата (само со дозвола на одговорно лице

**5. ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИКОТ ВО ЛАБОРАТОРИЈА (КАБИНЕТ ПО ХЕМИЈА, ФИЗИКА И БИОЛОГИЈА)**

-Внимава на целокупната опрема во лабораторијата

-Нема пристап до супстанци, уреди или друга апаратура без дозвола на наставникот

-Се грижи за хигиената во кабинетот и по завршетокот на активностите го средува

-Не користи запалки и друг вид запаливи и токсични материјали

-Внимателно го истура отпадот на места предвидени предвидени за тоа

-Внимателно следи инструкции од наставникот за време на часот

**7. ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИКОТ ВО УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА**

-Се зачленува во библиотеката за да позајмува потребна литература

-Зема книги само со потпис на одговорното лице-библиотекар

-Во предвидениот рок ја враќа земената книга на одговорното лице

-Совесно и одговорно се однесува кон земената книга ( не ја уништува, не шкрта и сл.)

**8. ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИКОТ ВО АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ПРОСТОРИИ (НАСТАВНИЧКА КАНЦЕЛАРИЈА, КАНЦЕЛАРИЈА НА ДИРЕКТОР, ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА СЛУЖБА, СЕКРЕТАР И БЛАГАЈНИК)**

-Влегува во училишна униформа

-Внимава на својот речник и држење

-Ги поздравува присутните и ги искажува своите барања

-Не влегува без дозвола на присутно лице (наставник, директор, секретар, благајник)

# КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ

## НАСТАВНИКОТ И КУЌНИОТ РЕД НА УЧИЛИШТЕТО

•Наставникот треба да ги почитува законските одредби во врска со времетраењето на наставата, работното време и часот,
•Наставникот е одговорен за инвентарот во просторијата во која ја изведува наставата,
•Наставникот се обврзува да ги почитува и спроведени сите правила за користењето на информатичката технологија во наставата,
•Наставникот потребно е да го информира директорот или педагошко- психолошката служба за секоја штета која е направена во училиштето и во просториите во кои се изведува наставата.

## ПРОФЕСИОНАЛНИОТ ЛИК НА НАСТАВНИКОТ

Како професионалци, наставниците и останатите вработени потребно е:
•Да биде стручен и соодветно образован за работата која ја извршува,
•Да има високо развиена педагошка свест,
•Самоcјтојно и во соработка со колегите да ја планира и да ја реализира наставата со коректност, непристрасност, објективност и чесност,
•Да ги знае и почитува законските одредби и одлуките на оргнизте донесени на ниво на училиштето,
•Наставниците треба да знаат дека воспитно- образовниот процес во кој тие се учесници има национален карактер и потребно е во истиот да бидат опфатени сите ученици без разлика на верата, полот, националноста,
•Наставникот се обврзува да ја почитува личноста на секој ученик,
•Наставникот се обврзува да употребува стил на комуникација која ќе биде соодветна со возраста на учениците, отворена и оучна,
•Наставникот треба да создава клима во која ќе бидат застапени сите педагошки компоненти за работа во која ќе го поттикне ученикот да ги изрази и развие својот надобар потенцијал,
•Наставникот треба да го научи ученикот како да се самооценува,
•Наставникот се обврзува да го оценува знаењето и постигањето на ученикот во согласност со поставените критериуми за оценување, кои важат за сите ученици подеднакво,
•Наставникот потребно е да примени казнени мерки за ученикот кога се прават прекршоци или има едолични однесувања на учениците,
•Наставникот не смее телесно да го казнува ученикот, а ниту да го малтретире физички или психички,
•Со својот изглед да бидат пример за учениците претставувајќи им ги културните и естетските навики,
•Наставникот секогаш треба да биде подготвен да ги воочи, да ги надмине и да ги реши сите пробелми во врска со наставата и учениците,
•Наставникот се обврзува редовно да се усовршува,
•Наставникот се обврзува навреме да го започне часот,
•Се обврзува навреме да го заведе часот и отсутните ученици во текот на денот,
•Се обврзува навремено и уредно да ги направи сите планирања за наставата и истите да ги достави до директорот,
•Наставникот се обврзува да ги планира и спроведе сите воннаставни активности кои ќе придонесат за максимален развој на учениците,
•Наставникот се обврзува дека пред учениците не смее да ги застапува или презентира своите политички убедувања и не смееда спроведува било каква политичка пропаганда во текот на реализацијата на наставата,
•Наставникот се обврзува помеѓу учениците да изгради однос на другарство, разбирање и соработка,
•Наставникот треба да соработува со родителите и истите да ги вклучува во планирање на наставата,
•Односот н наставникот и родителот треба да биде пријателски и во културен контекст кој ќе води до соработка,
•Наставникот се обврзува навреме и објективно да го информира родителот за постигањето на учениците,
•Наставникот се обврзува да помогне на родителот , доколку тоа не е возможно потребно е да го упати во соодветната стручна институција во зависност од проблемот,
•Информациите добиени од родителот не треба јавно да ги изнесува пред колегите или пред останатите родители,

**НАСОКИ ЗА ПРАВИЛНО ОБЛЕКУВАЊЕ**

•Облеката на наставниот кадар и стручната служба треба да биде формална и професионална, а не секојдневна лежерна облека.

•Мажите се очекува да носат испеглани кошули и блузи, панталони (не фармерки) и чевли (не патики и апостолки)

•Жените треба да носат сукња во должина до колена, непроѕирни кошули или блузи кои нема да бидат кратки ниту многу отворени, здолништа (фустани) кои имаад должина до колена, костими со панталони. Не смее да се носат фармерки, хеланки или тексас кратки сукњи.

•Должината на сукњата или здолниште треба да биде до колена или два прста на колена.

•Чевлите треба да бидат затворени, не со премногу висока штикла. Не смее да се носат јадранки или апостолки)

•Дозволено е носење на накит кој нема остри врвови и не е премногу нападен.

•Наставниците по физичко и здравствено образование потребно е да носат тренерки и патики само на часовите, додека пак кога доаѓаат на состаноци или кога исполнуваат други работни обврски треба да се облечени според насоките дадени за облекување на мажите и жените.

•Техничкиот персонал потребно е да ја носи својата работна облека при работата во училиштето.

•Сите вработени, вклучувајќи го и директорот на училиштето, пожелно е да се облекуваат во професионален стил (исклучок за одредени настани).

•Сите вработени треба да внимаваат на својата лична хигиена.

•Косата сегокаш треба да биде чиста и уредна.

•Жените можат да носат: сукњи или фустани чија должина треба да изнесува најмногу три прсти над колена, панталони и капри панталони (со должина една педа под колена), кошули и видови на блузи (со долги, кратки ракави и без ракави), кои не се премногу тесни или кратки, со невпечатливи бои и непроѕирни.

•Мажите можат да носат панталони, трендовски панталони, со невпечатливи бои и непроѕирни. Кратките панталони и тренерки не се дозволени (исклучок за одредени настани). Тренерки можат да носат исклучиво наставниците по физичко воспитание во предметна настава и наставниците во одделенска настава, кога имаат термин за предметот физичко и здравствено образование. Кошулите кои ги носат мажите (со кратки или долги ракави), може да се откопчани најмногу до првата петлица/копче. Може да носат видови на блузи кои одговараат на професијата, но не се премногу спортски.

•Премногу светликава и премногу украсна облека не треба да се носи.

•Провидна облека и тесна облека која што истакнува одредени делови од телото (општо прифатени како провокативни), не треба да се носи.

•Долната облека не смее да биде видлива или да се познава под облеката.

•Можат да се носат обетки или накит што е децентен.

•Пушењето во училиштето строго се забранува.

•Се забранува користење на мобилни телефони за време на часовите (исклучок во одредени итни случаеви).

•Тетоважите и пирсовите не треба да се видливи.

